| Прилог бр.3 | | Предметна програма од прв циклус на студии |
|---|---|---|
| 1. | Наслов на наставниот предмет | Орална медицина и патологија |
| 2. | Код | ДМЗОМ4 |
| 3. | Студиска програма | Дентална медицина - интегрирани студии од прв и втор циклус |
| 4. | Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел) | Универзитет „Св. Кирил и Методиј” во Скопје,<br>Стоматолошки факултет –Скопје,<br>Катедра за болести на устата и пародонтот |
| 5. | Степен (прв, втор, трет циклус) | Интегрирани студии од прв и втор циклус |
| 6. | Академска година / семестар | Година 4 семестар 7 и 8 |
| 7 | Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити | 8 |
| 8. | Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник) | **Одговорен наставник: проф. д-р Силвана Георгиева;**<br>проф. д-р Вера Радојкова – Николовска<br>проф. д-р Анета Атанасовска – Стојановска<br>проф. д-р Катарина Дирјанска<br>проф. д-р Емилија Левеска – Стефановска<br>проф. д-р Стевица Ристоска<br>проф. д-р Кристина Митиќ |
| 9. | Јазик на кој се изведува наставата | македонски |
| 10. | Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот | слушани сите задолжителни предмети од трета година и положени сите задолжителни предмети од втора година |
| 11. | Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето: | Осознавање на богатата патологија во усната празнина на ниво на оралната лигавица, преку имплементирање на базични знаења од обласка на медицината, тесна соработка и примена на мултидисциплинарен пристап. Систематизацијата на оралната патологија во една целина, ќе ја олесни дијагностичката постапка која води до рана и точна дијагноза, што претставува основен предуслов за исполнување на крајната цел, а тоа е успешна превенција и терапија на оралните заболувања.<br>Студентот ќе биде оспособен за дијагностика на оралните заболувања, расветлување на диференцијално-дијагностичките дилеми и разграничување на физиолошките структури од патолошките промени. Можност да спроведе клинички преглед на пациент со орални заболувања, ординирање терапија, следење на тераписките резултати и решавање на евентуални компликации. |
| 12. | Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје | **Теоретска настава - предавања**<br><br>**1.Поглавје - Вовед во оралната медицина и патологија.**<br>-Анатомија на усната празнина и класификација на заболувањата во оралната празнина .......................................................................2 часа<br>-Хистологија на усната празнина …………………………..........1 час<br>-Орална флора....................................................................................1 час<br>-Орален имунитет..............................................................................1 час<br>-Оштетување и заздравување на меките ткива............................2 часа<br>-Патологија на оралната лигавица – ефлоресценции..................3 часа<br>*Резултати од 1 поглавје: По изучувањена ова поглавје, студентите ќе бидат* |

| | | |
|---|---|---|
| | | *способни да ги идентификуваат и опишат анатомските и хистолошките карактеристики на усната празнина. Ќе стекнат основни познавања за класификација на заболувањата во усната празнина, што претставува основа за понатамошно дијагностицирање и третман. Студентите ќе можат да ги разберат интеракциите помеѓу микроорганизмите и да ги поврзат со оралните заболувања. Ќе ги разберат основните механизми на оралниот имунитет – неспецифична и специфична имунолошка заштита, процесите на воспаление, различните типови на клеточни отстапувања, како и заздравувањето на повредените меки ткива. Ќе научат да ги препознаат и категоризираат примарните и секундарните ефлоресценции, да ги опишат нивните карактеристики, како и да ги поврзат овие лезии со одредени заболувања за кои се карактеристични.*<br><br>**2.Поглавје - Патолошки промени на усниците и јазикот и непцето**<br>-Патолошки промени на усниците.........................................3 часа<br>-Патолошки промени на јазикот............................................3 часа<br>-Патолошки промени на непцето...........................................1 час<br>*Резултати од 2 поглавје: Со изучување на ова поглавје, студентите ќе можат да разликуваат вродени аномалии од стекнати патолошки состојби на усните, јазикот и непцето. Ќе ги идентификуваат најчестите клинички слики и ќе развијат способности за превенција, дијагностицирање и планирање на соодветна терапија.*<br><br><br>**3.Поглавје – Повреди и системски болести на усната празнина**<br>- Повреди и нуспојави на оралната лигавица...........1 час<br>**-** Орални промени кај хематолошки заболувања ……………...2 часа<br>-Клинички манифестации на оралната лигавица при кардиоваскуларни и респираторни заболувања .......................1 час<br>- Клинички манифестации на оралната лигавица кај бубрежни заболувања и болести на гастроинтестиналниот тракт (ГИТ) ...1 час<br>- Клинички манифестации на оралната лигавица кај хормонални и метаболни нарушувања ...1 час<br>- Клинички манифестации на оралната лигавица при нутритивни нарушувања и недостаток на витамини .............1 час<br>-Клинички манифестации на оралната лигавица при невролошки и психосоматски нарушувања ........................1 час<br>*Резултати од 3 поглавје: Студентите ќе стекнат знаење за различните типови на повреди на оралната лигавица: механички, термички, хемиски и радијациони. Ќе научат да ги препознаат клиничките манифестации на овие повреди и да ги разберат механизмите преку кои тие настануваат. Дополнително, студентот ќе оформи знаење и за третманот на овие повреди. По изучување на ова поглавје, студентите ќе ги разберат карактеристичните орални манифестации кај пациенти со заболувања на различните органски системи. Ќе бидат способни да ги поврзат промените во усната празнина со нарушувања на органските системи, што е од значење за рана дијагноза и интердисциплинарен пристап.*<br><br>**4.Поглавје – Орални заболувања поврзани со возраста**<br>**-**Орална медицина во детска и во постара возраст (орална педијатрија и орална геронтологија)...1 час<br>*Резултати од 4 поглавје: По ова поглавје, студентите ќе стекнат познавања за специфичностите на оралните заболувања поврзани со возраста. Ќе бидат* |

| | | |
|---|---|---|
| | | *способни да ги препознаат најчестите орални состојби поврзани со возраста и да пристапат соодветно кон нивната дијагноза и третман.*<br><br>**5.Поглавје - Заболувања на плунковните жлезди**<br>-Меки реверзибилни болни отоци; тврди иреверзибилни безболни отоци и еластични, гумести и солитарни промени...1 час<br>-Промени во плунковната секреција и чувствителност...1 час<br>*Резултати од 5 поглавје: Студентите ќе стекнат знаење за функцијата на плунковните жлезди и нарушувањата што можат да се јават, како што се хипо- и хиперсаливација. Ќе научат да препознаваат воспалителни состојби на овие жлезди, да ги поврзат заболувањата на плунковните жлезди со други системски заболувања, се со цел да постават точна дијагноза и предложат соодветен третман.*<br><br>**6.Поглавје - Орални заболувања кои се последица на сексуален контакт**<br>**-**Луес...1 час<br>**-**СИДА...1 час<br>*Резултати од 6 поглавје: По завршување на ова поглавје, студентите ќе бидат способни да ги препознаат оралните манифестации на сексуално преносливи болести како што се луес и СИДА. Ќе научат за нивниот клинички тек, дијагностички пристап и значењето на раното откривање во рамки на општата здравствена состојба на пациентот.*<br><br>**7.Поглавје - Инфекции на оралната лигавица**<br>-Бактериски инфекции...3 часа<br>-Габични инфекции...3 часа<br>-Вирусни инфекции...3 часа<br><br>*Резултати од 7 поглавје: По ова предавање, студентите ќе стекнат знаења за различните типови на инфекции што ја зафаќаат оралната лигавица, вклучувајќи неспецифични и специфични бактериски, вирусни и габични инфекции. Ќе бидат способни да ги разликуваат клиничките слики, да ја разберат нивната патогенеза и да предложат соодветни дијагностички и терапевтски пристапи.*<br><br>**8.Поглавје - Орални афтозни улцерации**<br>-Stomatitis aphthosa chronica recidivans…1 час<br>-Останати афтозни улцерации...3 часа<br>*Резултати од 8 поглавје: По завршувањето на ова поглавје, студентите ќе можат да ги разликуваат различните форми на оралните афтозни улцерации и нивните клинички карактеристики. Ќе стекнат знаење за етиологијата, дијагностиката и терапевтските опции за секој тип, со особен фокус на хронични и повторувачки форми како и на улцерации поврзани со системски заболувања.*<br><br>**9.Поглавје - Мукокутани булозни болести**<br>-Erythema exudativum multiforme и Sy.Steven-Johnson...1 час<br>-Pemphigus vulgaris, pemphigoid bullosus, pemphigoid mucosae oris.2 часа<br>-Lichen planus, Linear IgA disease... 2 часа<br>-Dermatitis herpetiformis, Epidermolysis bullosa...1 час<br>*Резултати од 9 поглавје: По изучување на ова поглавје, студентите ќе стекнат детално разбирање за различните мукокутани булозни болести што се манифестираат во усната празнина. Ќе научат да ги препознаваат специфичните клинички слики на болестите и ќе развијат способности за* |

| | | |
|---|---|---|
| | | *диференцијална дијагноза и избор на соодветен терапевтски пристап, како и превенција на компликации од истиот.*<br><br>**10.Поглавје - Системски автоимуни болести**<br>-Ревматоиден артритис, јувенилен хроничен Артритис, Фелтиев синдром и Lupus erythematodes...1 час<br>-Reiter syndrome, Sklerodermia, Morbus Adisson, Myasthenia gravis...1 час<br>*Резултати од 10 поглавје: Студентите ќе стекнат знаења за системските автоимуни болести и нивните орални манифестации. Ќе научат да ги поврзат симптомите во усната празнина со заболувања како Lupus erythematodes, Reiter syndrome и Sklerodermia, и ќе развијат способност за рана детекција и соработка со други медицински специјалности во третманот на овие пациенти.*<br><br>**11.Поглавје - Орални алергични реакции**<br>–Stomatitis alergica medicamentosa, Enanthema fixum, Stomatitis protetica…...3 часа<br>*Резултати од 11 поглавје: По изучувањето на ова поглавје, студентите ќе можат да ги препознаат различните типови на орални алергични реакции, како што се stomatitis alergica medicamentosa, enanthema fixum и stomatitis protetica. Ќе ја разберат нивната етиологија, клинички манифестации и ќе развијат пристап за идентификација на алергенот и избор на соодветна терапија.*<br><br>**12.Поглавје - Преканцерозни и канцерозни состојби во усната празнина**<br>–Факултативни и облигатни преканцерози...3 час<br>-Карцином во усната празнина...1 час<br>*Резултати од 12 поглавје: По изучување на ова поглавје, студентите ќе ги усвојат основните знаења за преканцерозните и канцерозните состојби во усната празнина. Ќе научат да разликуваат факултативни и облигатни преканцерози, како и да ги препознаат раните знаци на преканцерозите и на оралниот карцином, со цел навремена дијагноза и упатување на пациентот кон соодветен третман.*<br><br>**13.Поглавје - Орални манифестации кај имунодефициенциите,васкулити, парапротеинемии и амилоидоза**<br>-Примарни и секундарни имунодефициенции...1 час<br>-Парапротеинемии, амилоидоза, темпорален артеритис, нодозен полиартеритис, васкулутиси поради пречувствителност и Wegener-ова грануломатоза...........................1 час<br>*Резултати од 13 поглавје: Студентите ќе бидат способни да ги идентификуваат карактеристичните орални манифестации поврзани со вродени и стекнати имунодефициенции. Ќе разберат како нарушувањата на имунолошкиот систем влијаат врз оралното здравје и ќе развијат способности за пристап кон дијагноза и третман на овие пациенти. Ќе стекнат знаење за ретките, но клинички значајни орални манифестации поврзани со васкулити, парапротеинемии и амилоидоза.*<br><br>**Вкупно: ..............................................................60 часа**<br><br>***Практична настава-вежби***<br><br>*1.Анатомија на усната празнина...2 часа*<br>*2.Хистологија на усната празнина, орална флора. ............2 часа*<br>*3.Орален имунитет...1 час* |

<table>
<tr><td></td><td></td><td colspan="3">4.Оштетување и заздравување на оралните меки ткива....2 часа<br>5.Воспаленија. Поделба на ексудативните воспаленија. Поделба на воспаленијата според времетраење ......2 часа<br>6.Клеточни отстапувања. Клеточни адаптации. Клеточни акумулации. Оштетување на оралните меки ткива Клеточни дезинтеграции-иреверзибилни оштетувања .................................2 часа<br>7.Заздравување на повреденото ткиво Патологија на оралната лигавица .....................................................2 часа<br>8.Основни патолошки процеси во епителот и крзното.....3 часа<br>9.Приод и анамнеза ..........................................................4 часа<br>10.Клинички преглед .......................................................4 часа<br>11.Понатамошни дијагностички постапки................3 часа<br>12.Развој на дијагнозата, работна дијагноза, дефинитивна дијагноза... 3 часа<br>13.Наследни генодерматози, наследни и развојни аномалии на устата...1 час<br>14.Орални заболувања поврзани со возраста..............2 часа<br>15.Орални болести како последица на системски нарушувања ....3 часа<br>16.Кандидомикотични инфекции во устата ............2 часа<br>17.Вирусни инфекции во устата ................................3 часа<br>18.Афтозни лезии .......................................................2 часа<br>19.Булозни заболувања .................................................2 часа<br>20.Неспецифични бактериски инфекции ................2 часа<br>21.Специфични бактериски инфекции ....................2 часа<br>22.Алергични манифестации во усната празнина ...2 часа<br>23.Преканцерози и канцерози во усната празнина ...2 часа<br>24.Заболувања на плунковните жлезди ......................2 часа<br>25.Сексуално преносливи болести ..............................1 час<br>26.Клинички и лабораториски тестови за поставување на дијагноза во оралната медицина ................................2 часа<br>27. Светли и темни промени на оралната лигавица. Пигментации. Дефекти и зголемување на волуменот во усната празнина ....2 часа<br>Вкупно ...................................................................60 часа</td></tr>
<tr><td>13</td><td>Заемна поврзаност на предметите</td><td colspan="3">-Биологија;<br>-Дентална анатомија и морфологија;<br>-Орална биохемија и физиологија;<br>-Микробиологија и имунологија;<br>-Општа патологија;<br>-Фармакологија;<br>-Патолошки основи на болестите;<br>-Патолошка физиологија;<br>-Интерна медицина;<br>-Дерматовенерологија;<br>-Психијатрија;<br>-Инфектологија;</td></tr>
<tr><td>14.</td><td>Детален опис на наставните и работните методи за предметот</td><td colspan="3">Интерактивна теоретска и практична настава (клинички вежби), работа во мали групи, обработка на клинички случаи и дискусија во однос на диференцијалната дијагностика и терапијата, презентирање на новитети од областа на оралната медицине, демонстрирање на методи и дополнителни дијагностички тестови кои се користат)</td></tr>
<tr><td>15.</td><td>Вкупен расположив фонд на време</td><td colspan="3">240 часа</td></tr>
<tr><td rowspan="2">16.</td><td rowspan="2">Форми на наставните активности</td><td>16.1.</td><td>Предавања- теоретска настава. часови</td><td>60 часа</td></tr>
<tr><td>16.2.</td><td>Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа: часови</td><td>60 часа</td></tr>
</table>

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | 16.3. | Пракса: часови | | |
| 17. | Други форми на активности | 17.1. | Проектни задачи: часови | | |
| | | 17.2. | Самостојни задачи: часови | | |
| | | 17.3. | Домашно учење - задачи | 120 | |
| 18 | Услови за потпис | Теоретска настава: Присуство на 70% од теоретската настава<br>Практична настава. Присуство на сите вежби и соодветна замена на пропуштените вежби. | | | |
| 19 | Начин на оценување | | | | |
| | 19.1. | Тестови: бодови | | 4 теста по 10 поени | |
| | 19.2. | Семинарска работа/проект, презентација писмена и усна: бодови | | 20 | |
| | 19.3. | Завршен испит: бодови | | 40 | |
| 20 | Критериуми за оценување (бодови/ оценка) | | до 59 бода | 5 (пет) (F) | |
| | | | од 60 до 68 бода | 6 (шест) (E) | |
| | | | од 69 до 76 бода | 7 (седум) (D) | |
| | | | од 77 до 84 бода | 8 (осум) (C) | |
| | | | од 85 до 92 бода | 9 (девет) (B) | |
| | | | од 93 до 100 бода | 10 (десет) (A) | |
| 21. | Метод на следење на квалитетот на наставата | | Самоевалуација од страна студентите, контрола на асистентите во изведување на практичната настава и проценка на постигнатиот успех на студентите, како и проодноста на студентите кои го положиле предметот | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 22. | Литература | | | | | |
| | 22.1. | Задолжителна литература | | | | |
| | | Ред. број | Автор | Наслов | Издавач | Година |
| | | 1. | Мирјана Поповска, Златанка Белазелковска, Анета Атанасовска Стојановска, Вера Радојкова-Николовска и Кристина Митиќ | Орална медицина и патологија (учебник) | Стоматолошки факултет – Скопје | 2013 |
| | | 2. | МирјанаПоповска, ЗлатанкаБелазелковска, АнетаАтанасовска-Стојановска, ВераРадојкова Николовска и Кристина Митиќ | Орална медицина и патологија (практикум) | Стоматолошки факултет - Скопје | 2013 |
| | | 3. | Вангел Димитровски и Мирјана Поповска-Спасовска | Основи на оралната пропедевтика (учебник) | Стоматолошки факултет - Скопје | 2002 |
| | 22.2. | Дополнителна литература | | | | |
| | | Ред. број | Автор | Наслов | Издавач | Година |
| | | 1. | Мирјана Поповска-Спасовска, Вангел Димитровски и Анета Атанасовска-Стојановска | Диференцијална дијагноза на оралните лезии (атлас) | Стоматолошки факултет - Скопје | 2004 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 2. | Драгољуб Цукановиќ, Драгољуб Џаиќ, Светозар Станиќ и Крсто Ковачевиќ | Заболување на меките ткива на усната шуплина – Орална медицина (атлас) | Стоматлошки факултет - Белград | 2001 |

| Прилог бр.3 | | Предметна програма од прв циклус на студии | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Наслов на наставниот предмет | Орална хирургија 1 | | | |
| 2. | Код | ДМЗОХ4 | | | |
| 3. | Студиска програма | Дентална медицина - интегрирани студии од прв и втор циклус | | | |
| 4. | Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел) | УКИМ-Стоматолошки факултет – Скопје, Катедра за орална хирургија | | | |
| 5. | Степен (прв, втор, трет циклус) | Интегрирани студии од прв и втор циклус | | | |
| 6. | Академска година / семестар | Година | 4 | семестар | 7 и 8 |
| 7 | Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити | 8 | | | |
| 8. | Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник) | Одговорен наставник: Проф.д-р Гордана Апостолова<br>*наставата ја изведуваат сите наставници од катедрата | | | |
| 9. | Јазик на кој се изведува наставата | македонски | | | |
| 10. | Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот | ислушани сите задолжителни предмети од трета година и положени сите задолжителни предмети од втора година | | | |
| 11. | Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето: | Студентот да стекне вештини за земање анамнеза од оралнохируршки аспект, клинички преглед, поставување дијагноза за екстракција на заб, анестезирање на подрачјето со локална анестезија и изведување екстракција на заб во амбулантски услови. Студентот треба да го препознава оралнохируршкиот инструментариум како и компликациите кои може да настанат во тек на постапките на анестезирање и екстрахирање на заб. | | | |
| 12. | Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје | **Теоретска настава - предавања**<br>**1.Поглавје: Вовед во орална хирургија**<br>- Применета анатомија на орофацијалната регија од оралнохируршки аспект................................2 часа<br>- Анамнеза и клинички преглед на пациент за оралнохируршка интервенција..............................1 час<br>- Патофизиолошки механизми на болката од оралнохируршки аспект……………………..1час<br>- Принципи на асепса и антисепса .................. 1час<br>*Резултати од 1 поглавје : студентот ги освежува своите познавања од анатомија, анамнеза и асепса стекнати во минатите семестри.*<br>**2.Поглавје: Локална анеестезија**<br>- Локални анестетици и локална инфилтративна анестезија ..........1 час<br>- Плексус анестезија во горна и долна вилица ......2 часа<br>- Спроводни (блок) анестезии во горна вилица 1 час<br>- Спроводни (блок) анестезии во долна вилица 1 час | | | |